Бр. 08-92

Скопје 25.02.2021 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-92 од 19.02.2021 година и Предлогот Уп1 бр.08-92 од 23.02.2021 година на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-669/5 од 24.02.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 6-та седница одржана на 24.02.2021 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-92 од 19.02.2021 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата на 5-та седница одржана на 19.02.2021 година, со Заклучок, арх.бр.02-583/28 од 19.02.2021 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-92 од 19.02.2021 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Извештајот арх.бр.05-633/1 од 19.02.2021 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 19.02.2021 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-92 од 19.02.2021 година, со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На 23.02.2021 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување, наш арх.бр.05-633/2 од 23.02.2021 година дека Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, на 22.02.2021 година извршило уплата во износ од 11.571,00 (единаесетилјади петстотиниседумдесетиеден) денар, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-92 од 19.02.2021 година и Предлогот Уп1 бр.08-92 од 23.02.2021 година на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-669/5 од 24.02.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 6-та седница одржана на 24.02.2021 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.